РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА
ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
Број 15-95/1
Датум 19.11. 2009 год
СКОПЈЕ

Врз основа на член 32 и член 71 став 2, алинеа 4 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија", број 35/2008), Одборот за акредитација на 22-та седница, одржана на 19.11.2009 година донесе

# РЕШЕНИЕ

**за акредитација на студиска програма од вториот циклус академски студии од областа на Спортски туризам на Факултетот за спортски туризам при Универзитетот за туризам и менаџмент-Скопје**

1.Се акредитира студиската програма за последипломски студии од втор циклус на студиската програма по Спортски туризам на Факултетот за спортски туризам при Универзитетот за туризам и менаџмент - Скопје, врз основа на исполнетоста на условите согласно Законот за високото образование Правилникот за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност.

2. Акредитацијата од точка 1 на ова решение се дава за последипломски студии од втор циклус на универзитетските академски студии по Спортски туризам на Факултетот за спортски туризам, во траење од две години.

3. По завршените последипломски студии и одбрана на магистерскиот труд, се стекнува со научниот степен Магистер по спортски туризам (скратено м-р, или M.A., M.Sc.).

4. Факултетот на Универзитетот за туризам и менаџмнет- Скопје е должен во целост да го реализира Проектот од точка 1 на ова решение по однос на исполнетоста на условите за вршење на високообразовна дејност во согласност со Законот за високото образование, Правилникот за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност ("Службен весник на Република

Македонија", број 33/03) и Класификацијата на научни подрачја, полиња и области на истражувања, структурирани според стандардите на ОЕЦД.

5. Членовите на Одборот за акредитација одлуката за акредитација ја донесоа едногласно.

6. Решението влегува во сила со денот на донесувањето.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Факултетот за спортски туризам на Универзитетот за туризам и Менаџмент-Скопје поднесе барање и достави проектот до Одборот за акредитација на високото образование за прифаќање и акредитација на последипломски студии од вториот циклус за студиските програми по Спортски туризам.

Одборот за акредитација на својата 20. седница одржана на 03.09.2009 година, формира експерстка комисија за преглед и оценка на Проектот и на 22. седница одржана на 19.11.2009 година врз основа доставениот Проект, и извештајот на експертската комисија одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА ОДБОРОТ ЗА АКРЕДИТАЦИЈА
НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Проф. д-р Михаил Петковски